**Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП, Скопје**
Ул. Булевар Јане Сандански бр.81/1-1, Скопје
E-mail: drvaroov@yahoo.com, моб. 078 308 724
Жиро сметка: 250010402313188 , Шпаркасе Банка
Даночен број: 5032021505134
www: drvarov.com

**До: Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија**
ул. "11 Октомври" бр.7/2
спрат Г.Т.Ц. 6 секција-Скопје, П.факс бр.488

**Предмет:** Достава на извештај за транспарентност за Дрваров Доно Душко Консалтинг и Ревизија ТП Скопје за 2021 година.

Скопје, 29 март 2022 година

Овластено лице на Дрваров Доно
Душко Консалтинг и Ревизија ТП Скопје

Душко Дрваров

Согласно член 35 од Законот за ревизија во Република Северна Македонија, ТП Душко Доно Дрваров Консалтинг и Ревизија, Скопје го објавува следниот

**Извештај за транспаретност за 2021 година**

Извештајот за транспарентност за 2021 година содржи информации во врска со:

1. опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија;
2. опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;
3. опис на управувачката структура на друштвото за ревизија;
4. опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем;
5. датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со членот 20-а од овој закон;
6. список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година;
7. изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;
8. изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија односно овластениот ревизор - трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година;
9. финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги и
10. информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

1. ОПИС НА ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА

| | |
|---|---|
| **Целосен назив:** | Трговец поединец за сметководствени, ревизорски работи и даночно советување ДУШКО ДОНО ДРВАРОВ КОНСАЛТИНГ И РЕВИЗИЈА ТП Скопје |
| **Опис на правна форма** | Трговец поединец |
| **Место на основање** | Скопје, Република Северна Македонија |
| **Датум на основање:** | 07.09.2021 година |
| **Регистарски број во ИОРРМ:** | ТП024 |
| **Број на лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од СУНР:** | Регистарски број на лиценца 19, број 08-267/3 од 05.10.2021 година |
| **Број на вработени на 31.12.2021 година:** | 1 вработен на неопределено полно работно време<br>0 вработен на неопределено скратено работно време |
| **Број на вработени на денот на извештајот:** | 1 вработен на неопределено полно работно време<br>0 вработен на неопределено скратено работно време |
| **Висина на основна главнина:** | нема |
| **Сопственик :** | ДУШКО ДРВАРОВ, овластен ревизор |
| **Овластено лице:** | ДУШКО ДРВАРОВ |
| **Дејност:** | 69.20 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување |
| **Подружници во Република Северна Македонија:** | нема |
| **Други друштва во земјата во кои субјкетот се јавува како основач и негови поврзани страни:** | нема |
| **Подружници во странство:** | нема |
| **Други друштва во странство во кои субјкетот се јавува како основач и негови поврзани страни:** | нема |
| **Годишно осигурување од одговорност:** | сума на осигурување 1.845.000,00 денари според полиса бр.312030000100 издадена од Винер-Виена Иншуренс Груп Скопје за период од 23.09.2021 година до 23.09.2022 година. |

2. ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ СТРУКТУРНИ АРАНЖМАНИ ВО МРЕЖАТА ВО КАДЕ ШТО ПРИПАЃА

ТП Душко Доно Дрваров Консалтинг и Ревизија самостојно настапува и ги нуди своите услуги и не е дел од некоја професионална мрежа.

3. ОПИС НА УПРАВУВАЧКАТА СТРУКТУРА

Овластено лице на ТП Душко Доно Дрваров Консалтинг и Ревизија е Душко Дрваров, кој поседува лиценца за овластен ревизор регистарски број 241 бр.08-91/3 од 31.03.2021 година издадена од СУНР.

4. ОПИС НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА И ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТ НА ОВОЈ СИСТЕМ

Политиката на Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП Скопје е да одржува високо ниво на интегритет, професионални стандарди и квалитетна услуга со константно следење на правната и економската легислатива како и одржување висок степен на професионално знаење.

Системот за интерна контрола на Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП Скопје се состои од политики така што ќе обезбедат разумно уверување дека фирмата и нејзиниот персонал се придружуваат кон професионалните стандарди, законските и регулаторни барања и дека извештаите на Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП Скопје се соодветни на околносисте. За воспоставување на системот на интерна контрола се применуваат барањата на:

- МСКК 1 – Меѓународниот стандард за контрола на квалитет и
- МСР 220 – Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи.

МСКК 1 се однесува на одговорностите на Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП Скопје да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување, дека Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП Скопје и персоналот се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои друштвото ги издава се соодветни на дадени околности.
Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:

- Одговорности на лидерите за квалитет во рамките на друштвото
- Релевантните етички барања
- Прифаќања и одржување на односите со клиентот и специфични ангажмани
- Човечките ресурси
- Извршување на ангажманот и
- Надгледување

МСР 220 се однесува на одговорностите на Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП Скопје и персоналот само за ревизорските ангажмани.
Одговорен за квалитетот на севкупната ревизорска работа на друштвото е овластеното лице на друштвото ( овластен ревизор) кој во името на Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП Скопје ги потпишува ревизорските извештаи.

Изјавата за ефективноста на функционирањето на системот на интерна контрола е во прилог на извештајот за транспарентност.

5. ДАТУМ НА ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТ НА РЕВИЗОРОТ СОГЛАСНО СО ЧЛЕН 20-А ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Со одглед на тоа дека ТП Душко Доно Дрваров Консалтинг и ревизија е основано на 07.09.2021 година и има добиено лиценца за работа од СУНР на 05.10.2021 година , друштвото сеуште не било предмет на проверка за уверување во квалитетот на ревизорот.

6. СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА.

ТП Душко Доно Дрваров Консалтинг и ревизија е основано на 07.09.2021 година, лиценца за работа од СУНР има добиена на 05.10.2021 година и во текот на 2021 година нема извршено ревизија на субјекти.

7. ОПИС И ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

ТП Душко Доно Дрваров Консалтинг и ревизија потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите се спроведени.
Независноста на ТП во однос на клиентите ја потврдува овластеното лице со потпишување на писмена изјава, пред отпочнување на нов или продолжување на веќе постоечки ангажман.

Изјавата за независното работење на ТП Душко Доно Дрваров Консалтинг и ревизија е во прилог на извештајот за транспарентност.

8. ОПИС И ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА КОНТИНУИРАНОТО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ

Со оглед на тоа што ТП Душко Доно Дрваров Консалтинг и ревизија има само еден вработен кој е овластен ревизор и истиот се има здобиено со лиценца во 2021 година обврската за континуирано професионално усовршување започнува од 2022 година согласно Правилникот за континуирано професионално усовршување на овластени ревизори.

9. ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРИХОДИТЕ НА ДРУШТВОТО

| **во денари** | **2021** | **2020** |
|---|---|---|
| услуги на ревизија | 0 | 0 |
| дополнителни услуги за уверување во квалитет | 0 | 0 |
| даночни советодавни услуги | 143.000 | 0 |
| други неревизорски услуги | 0 | 0 |
| **вкупни приходи** | **143.000** | **0** |

10. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПОКОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ

При ревизијата, хонорарот се утврдува според големината на ангажманот и бројот на предвидени часови за комплетирање на ангажманот.

Скопје, 29 март 2022 година

Овластено лице на ТП Душко Доно
Дрваров Консалтинг и Ревизија, Скопје

Душко Дрваров – овластен ревизор

**Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП, Скопје**
Ул. Булевар Јане Сандански бр.81/1-1, Скопје
E-mail: drvaroov@yahoo.com, моб. 078 308 724
Жиро сметка: 250010402313188 , Шпаркасе Банка
Даночен број: 5032021505134
www: drvarov.com

ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕН НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОВОЈ СИСТЕМ

Овластеното лице на друштвото ТП Дрваров Консалтинг и Ревизија Скопје, изјавува дека системот на интерна контрола на квалитет функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото е усогласено со професионалните стандарди, регулаторни и законски барања и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Скопје, 29 март 2022 година

Овластено лице на Дрваров Доно
Душко Консалтинг и Ревизија ТП Скопје

Душко Дрваров

**Дрварoв Консалтинг и Ревизија ТП, Скопје**
Ул. Булевар Јане Сандански бр.81/1-1, Скопје
E-mail: drvaroov@yahoo.com, моб. 078 308 724
Жиро сметка: 250010402313188 , Шпаркасе Банка
Даночен број: 5032021505134
www: drvarov.com

---

# ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР - ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ

Овластеното лице на друштвото ТП Дрварoв Консалтинг и Ревизија Скопје, изјавува дека друштвото има усвоено, применува и врши надзор врз соодветните политики и процедури со кои се обезбедува независност, интегритет и објективност во извршувањето на ревизорските ангажмани. Овие политики и процедури се во согласност со политиките и процедурите воспоставени со професионалните стандарди и законската регулатива во земјата.

Овластениот ревизор – трговец поединец е независен и самостоен во вршењето на ревизијата во рамки на овластувањата утврдени со Законот за ревизија а во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC.

Скопје, 29 март 2022 година

Овластено лице на Дрварoв Доно
Душко Консалтинг и Ревизија ТП Скопје

Душко Дрварoв

**Дрваров Консалтинг и Ревизија ТП, Скопје**
Ул. Булевар Јане Сандански бр.81/1-1, Скопје
E-mail: drvaroov@yahoo.com, моб. 078 308 724
Жиро сметка: 250010402313188 , Шпаркасе Банка
Даночен број: 5032021505134
www: drvarov.com

---

# ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР - ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

Овластеното лице на друштвото ТП Душко Доно Дрваров Консалтинг и ревизија, изјавува дека друштвото има само еден вработен кој е овластен ревизор и истиот се има здобиено со лиценца во 2021 година, обврската за континуирано професионално усовршување започнува од 2022 година согласно Правилникот за континуирано професионално усовршување на овластени ревизори.

Скопје, 29 март 2022 година

Овластено лице на Дрваров Доно
Душко Консалтинг и Ревизија ТП Скопје

Душко Дрваров